**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 02-2972/4
Датум:4.9.2009 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 45 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје и Конкурсот за запишување на студенти на втор и трет циклус на студии на факултетите и институтите на Универзитетот *Св. Кирил и Методиј* во Скопје во учебната 2009/2010 година, Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 4.9.2009 година донесе

# ОДЛУКА

за формирање комисија за координирање
на уписот од втор циклус на студии

1. Се формира комисија за координирање на уписите од втор циклус на студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии во учебната 2009/2010 година во состав:
   - проф. д-р Дејан Ѓорѓевиќ, претседател
   - доц. д-р Слободан Калајџиски, член
   - проф.д-р Тони Јаневски, член
   - проф. д-р Атанас Илиев, член
   - доц. д-р Мирко Тодоровски, член.

2. Претседателот на комисијата по службена должност е продеканот за настава, а членовите на комисијата се од редот на координаторите на студиските програми од втор циклус.

3. Комисијата има задача да изработи упратство и потребните обрасци за упис на студенти на втор циклус на студии во учебната 2009/2010 година согласно Конкурсот што го објави Унвиерзитетот Св. Кирил и Методиј, да ги прими доставените документи за упис и истите да ги проследи на наставно-научните колегиуми. По добивањето на мислењето од страна на координаторите на наставно-научните колегиуми да изготви листа на примени кандидати по студиски програми и да ги достави до студентската служба.

4. Одлуката да се достави до ННС, продеканот за настава, членовите на комисијата, службата за студентски прашања, секретарот, службата за општи работи и архивата на Факултетот.

Декан,
Проф. д-р Миле Станковски